ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ НА СМЕТКАТА НА КОАЛИЦИЈА ВЛЕН ПРЕДВОДЕНА ОД АЛТЕРНАТИВА (ДВИЖЕЊЕ БЕСА, АЛИЈАНСА НА АЛБАНЦИТЕ, ДЕМОКРАТСКО ДВИЖЕЊЕ) ИЗБОРНА КАМПАЊА – ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2024

01 2024 04 28

Скопје, април 2025 година

**КОАЛИЦИЈА ВЛЕН ПРЕДВОДЕНА ОД АЛТЕРНАТИВА (ДВИЖЕЊЕ БЕСА, АЛИЈАНСА НА АЛБАНЦИТЕ, ДЕМОКРАТСКО ДВИЖЕЊЕ) ИЗБОРНА КАМПАЊА – ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2024**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме


Извршивме ревизија на Вкупниот финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборната кампања за период од 01.04.2024 до 17.07.2024 година, заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Коалиција ВЛЕН предводена од АЛТЕРНАТИВА (Движење Беса, Алијанса на Албанците, Демократско Движење) Изборна кампања – Парламентарни избори 2024.

За финансискиот извештај на Коалиција ВЛЕН предводена од АЛТЕРНАТИВА, изборна кампања - Парламентарни избори 2024, изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај и за усогласеност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Во делот на Останати прашања, истакнуваме состојби за кои е потребно дополнително уредување на Изборниот законик и тоа:

- преиспитување на делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка на политичката партија обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија;
- крајниот рок за уплата на донации, односно потребно е да се утврди донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања;
- пропишување на мерливи критериуми во делот на обезбедување и распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија наменети за платено политичко рекламирање;
- да се уреди начинот на кој донаторите ќе докажат/потврдат дека не се „поврзани лица„ со радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) при финансирање или давање донации на политичките партии;
- да се доуредат условите и критериумите кои е потребно да ги исполнат електронските медиуми за да имаат можност да аплицираат за политичко рекламирање во Државната изборна комисија;
- да се пропишат јасни и прецизни критериуми за распределба на буџетските средства наменети за платено политичко рекламирање на електронските медиуми (интернет портали);
- определување надлежен орган за следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали);
- да се предвиди воспоставување на интероперабилен систем за размена и контрола на податоци за активност на банерите во кои ќе бидат вклучени сите засегнати страни;
- уредување на начинот на организирање, плаќање, следење и известување до надлежните органи за интернет претставувањето кое го вршат учесниците во изборната кампања преку социјалните мрежи;
- обезбедување на едукација на учесниците во изборната кампања за начинот

на подготовка на Вкупниот финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања;
- во делот на Казни и прекршочни одредби да бидат предвидени глоби и за електронските медиуми (електронските портали) во случај за недоставување на Извештајот за рекламниот простор искористен од секој учесник во изборната кампања и средствата кои се платени и се побаруваат по таа основа;
- номотехничко уредување на Изборниот законик поради тоа што одредени точки на одредени членови немаат следственост и во исто време во самите одредби на одредени членови има погрешно повикување.

Исто така истакнуваме дека во период пред распишување на избори донесен е Закон за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани со важност во период на изборна кампања и одржување на избори.

Надлежните институции потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Од страна на законскиот застапник на Коалиција ВЛЕН предводена од АЛТЕРНАТИВА (Движење Беса, Алијанса на Албанците, Демократско Движење) Изборна кампања – Парламентарни избори 2024 не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

# СОДРЖИНА


| Опис | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 4. | Останати прашања | 3 |
| 5. | Законска основа за ревизијата и временски период | 11 |
| 6. | Опфат и ограничувања | 11 |
| 7. | Одговорност за финансиски извештаи | 11 |
| 8. | Одговорност на ревизорите | 12 |
| 9. | Одговор на ревидираниот субјект | 13 |
| 10. | Вкупен финансиски извештај за приходите и расходите | 14 |
| 11. | Образложенија кон финансискиот извештај | |
| | Вовед | 15 |
| | Основни политики | 18 |
| | Приходи и расходи | 21 |

**Список на кратенки**

| | |
|---|---|
| АААВМУ | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| АД | Акционерско друштво |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |
| ДИК | Државна изборна комисија |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупција |
| ЕДБ | Единствен даночен број |
| ЕМБС | Единствен матичен број на субјектот |
| ИК | Изборна кампања |
| ППР | Платено политичко рекламирање |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 13-236/3
**Дата:** 11.04.2025

## 1. Вовед

Врз основ на Решение од Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија бр.09–1169/1 од 14 февруари 2024 година беа распишани избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија согласно кое е предвидено истите да се одржат на 08 мај 2024 година.
Според одредбите од членовите 31 точка 2 став 2 и членовите 12, 15, 57, 58, 60, 61, 64, 65, 66 и член 67 од Изборниот законик, а согласно Роковникот на ДИК за извршување на изборните дејствија за спроведување на Парламентарни избори 2024, број 09 – 439/1 од 14 февруари 2024 година, од страна на ДИК беа потврдени (17) седумнаесет листи на кандидати за Избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

Во Централниот Регистар на Република Северна Македонија на ден 01.04.2024 година, по Решение[1] извршен е упис на деловен субјект со назив на Коалиција ВЛЕН предводена од АЛТЕРНАТИВА (Движење Беса, Алијанса на Албанците, Демократско Движење) Изборна кампања – Парламентарни избори 2024[2].

За потребите на ИК, на 02.04.2024 година отворена е денарска трансакциска сметка број 270077540350125 во Халк Банка АД Скопје и истата е затворена на ден 22.07.2024 година[3].

На ден 13.08.2024 година, со Решение[4] во Централен регистар на Република Северна Македонија е извршено бришење на правниот субјект на Коалиција ВЛЕН предводена од АЛТЕРНАТИВА (Движење Беса, Алијанса на Албанците, Демократско Движење) Изборна кампања – Парламентарни избори 2024.

[1] деловоден број 30120240008857
[2] ЕМБС 7754035.
[3] Заклучок на ДИК 08-2677/1 од 18.05.2024 година, Заклучок за ИЕ 5 бр.08-2677/2 од 27.05.2024 и Заклучок за ИЕ 6 бр.08-3081/1 од 30.05.2024 година.
[4] деловоден бр. 30120240011303.

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборна кампања на страна 14 за Коалиција ВЛЕН предводена од АЛТЕРНАТИВА (Движење Беса, Алијанса на Албанците, Демократско Движење) Изборна кампања – Парламентарни избори 2024, од денот на отворање до денот на затворање на трансакциската сметка за изборна кампања за период од 01.04.2024 година до 17.07.2024 година;
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборна кампања за Коалиција ВЛЕН предводена од АЛТЕРНАТИВА (Движење Беса, Алијанса на Албанците, Демократско Движење) Изборна кампања – Парламентарни избори 2024, од денот на отворање до денот на затворање на трансакциската сметка за изборна кампања за период од 01.04.2024 година до 17.07.2024 година, со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, вкупниот финансиски извештај ја прикажуваа вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Коалиција ВЛЕН предводена од АЛТЕРНАТИВА (Движење Беса, Алијанса на Албанците, Демократско Движење) Изборна кампања – Парламентарни избори 2024, како и резултатите од финансиските активности за периодот од 01.04.2024 година до 17.07.2024 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај на Коалиција ВЛЕН предводена од АЛТЕРНАТИВА (Движење Беса, Алијанса на Албанците, Демократско Движење) Изборна кампања – Парламентарни избори 2024, како и резултатите од финансиските активности за периодот од 01.04.2024 година до 17.07.2024 година во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на

ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 4. Останати прашања

Во Конечните извештаи за извршените ревизии на вкупниот финансиски извештај за приходите и расходите на сметките на учесниците во изборната кампања во минати години, овластениот државен ревизор ја истакнуваше потребата од преиспитување и доуредување на законската регулатива за избори, поради утврдени слабости, кои се однесуваат на следното:

**Финансирање на изборната кампања**

4.1. Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик во 2020 година[5], во член 83 став 2 уредено е дека изборната кампања може да се финансира, меѓу другите извори и од средства од редовната сметка на политичката партија. Имајќи ја предвид оваа одредба, укажуваме дека дадена е законска можност, средствата добиени од Буџетот на Република Северна Македонија за финансирање на редовното работење на политичките партии да се прелеваат како финансиски средства со кои ќе се покриваат трошоци на учесниците во изборните кампањи, што може да доведе до финансирање на изборната кампања со средства од Буџетот на државата во повисок износ од утврдениот во членот 88 од Изборниот законик согласно кои „средствата за спроведување на изборите се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и со нив располага Државната изборна комисија". Во истиот член е уредено дека две третини од средствата наменети за изборите служат за покривање на трошоците поврзани со изборните дејствија на органите за спроведување на изборите, а една третина од средствата служи за покривање на дел од трошоците што ги направиле учесниците во изборната кампања чии кандидати се избрани.

Имајќи го во предвид наведеното ревизијата смета дека потребно е да се преиспита член 83 став 2 од Изборниот законик во делот на финансирање на изборната кампања со средства од редовната сметка на политичката партија.

4.2. Крајниот рок за уплата на донации за финансирање на изборната кампања согласно член 71 став 6 од Изборниот законик е до денот на затворање на трансакциската сметка.

Со вака утврдениот рок за добивање на донации оставена е можноста за

[5] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 42/20

уплата на донации и по објавување на конечноста на резултатите од изборната кампања, што создава ризик за влијанија, поради што сметаме дека е потребно да се утврди донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања.

4.3. Висината на финансиските средства за ППР обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија во текот на изборниот процес и нивната распределба помеѓу учесниците во ИК, е утврдена во членот 76-д. Во став 5 од овој член е уредено дека висината на овие средства не смеат да ја надминат сумата од 2 (две) евра во денарска противвредност без пресметан ДДВ, по запишан избирач од вкупно запишани избирачи на територијата на Република Северна Македонија, а се распределуваат по претходен писмен договор на следниов начин:

- најмногу 45% од средствата може да искористат двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови,
- најмногу 45% од средствата може да искористат двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови,
- најмногу 7% од средствата може да искористат политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група и
- најмногу 3% од средствата може да искористат политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати.

Со ревизијата утврдивме дека од страна на ДИК за ППР на радиодифузерите и печатените медиуми и интернет порталите, исплатени им се вкупно 244.769 илјади денари или 3.979.984 евра, за 16 (шеснаесет) учесници[6] во Парламентарните избори 2024 година.

Во графиконот кој следи прикажани се исплатените средства за ППР за секој учесник во ИК.

[6] ПП Десна нема склучено договори за ППР

***Графикон бр.1. Исплатени средства во 000 денари за ППР по учесник во Парламентарни избори 2024 година***




Сметаме дека вака уреденото платено политичко рекламирање, односно:

- распределбата на вкупните средства според принципот 45%, 45%, 7% и 3%, не обезбедува објективни критериуми за распределба на јавните средства, давајќи значителна предност на најголемите парламентарни партии, притоа ограничувајќи ги можностите на останатите партии и независните кандидати да ги претстават своите програми на радиодифузерите, електронските и печатените медиуми; и
- одредбата за склучување на претходен писмен договор помеѓу учесниците во изборната кампања, создава можност распределбата на средствата да се врши на различен начин и % (процент) помеѓу политичките партии во позиција/опозиција/политичките партии во Собранието на Република Северна Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група/политичките партии кои не се застапени во Собранието или кандидати, без притоа да постои јасно утврдени мерливи критериуми за распределба на овие средства.

4.4. Во член 75 став 7 од Изборниот законик е пропишано дека „радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите), како и нивните поврзани лица не смеат на било каков начин да финансираат или да даваат донации на политичките партии“. Како поврзани лица се сметаат лицата дефинирани во членот 36 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Дефинираниот опфат на поврзани лица го отежнува нивното препознавање во случај кога истите ќе се јават како донатори во изборна кампања, поради што сметаме дека е потребно во Изборниот законик да се уреди начинот на кој донаторите ќе докажат/потврдат дека не се „поврзани лица„ со радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) при финансирање или давање донации на политичките партии.

**Следење на медиумско претставување на учесниците во изборна кампања на електронските медиуми (интернет портали)**

4.5. Платеното политичко рекламирање кое се финансира со средства од Буџетот се врши преку радиодифузери, печатени медиуми и електронски медиуми (интернет портали). Согласно член 75-ѓ од Изборниот законик радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите), доколку обезбедуваат платено политичко рекламирање за учесниците во изборната кампања, се должни во рок од три дена од денот на распишување на изборите, да се регистрираат во ДИК. Оние што нема да се регистрираат во ДИК, нема да имаат право да користат финансиски средства за ППР, обезбедени од Буџетот на државата.

Регистарот на радиодифузери, печатени медиуми и електронски медиуми (интернет портали) се води врз основа на поднесено барање за упис до ДИК, со прилог тековна состојба издадена од Централен регистар, не постара од 30 дена.

Имајќи во предвид дека интернет порталите претставуваат доминанта форма за рекламирање на учесниците во изборната кампања и за истите се алоцираат значителен износ на државни средства (25% од средствата за ППР), за следење на медиумско претставување на учесниците во изборна кампања на електронските медиуми (интернет портали), укажуваме на следното:

- да се доуредат условите и критериумите кои е потребно да ги исполнат електронските медиуми за да имаат можност да користат средства за политичко рекламирање од Буџетот на државата. Истакнуваме дека во Република Северна Македонија не постои законско решение со кое се пропишуваат основните начела и услови што треба да бидат исполнети од страна на интернет порталите за вршење на дејноста. Исто така со

одредбите на Изборниот законик не се утврдени критериуми и услови за квалификација на статусот на интернет медиумите да вршат рекламирање (период на работење како правно лице, сопственичка структура или формат на медиум);

- да се пропишат јасни и прецизни критериуми за распределба на буџетските средства наменети за ППР на електронските медиуми (интернет портали). Во член 76-д, точка 6 од Изборниот законик е уредено дека сумата која може да се исплати на еден електронски медиум (интернет портал) и печатени медиуми од еден учесник во изборниот процес, не може да биде поголема од 15.000 (петнаесет) илјади евра во денарска противвредност без вклучен ДДВ. Со ваквото законско решение се овозможува едно правно лице со повеќе интернет портали да добие онолку максимални суми колку што има портали;
- да се определи надлежен орган за следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали). Имено, со измените и дополнувањата на Изборниот законик од 30.07.2018 година извршено е менување на член 76-в со кој за електронските медиуми (интернет портали) наместо АААВМУ, ДИК добива надлежности во делот на следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали), како и покренување на прекршочни постапки против истите во случај на непостапување по законикот. Со измените и дополнувањата на Изборниот законик од февруари 2019 година и февруари 2020 година, сите горенаведени активности кои треба да ги спроведува ДИК во однос на надзорот на интернет порталите се бришат, без определување на институција надлежна за следење и надзор на изборното медиумско претставување преку интернет порталите;
- да се определи надлежна институција за воспоставување на интероперабилен систем за размена и контрола на податоци за активност на банерите во кои ќе бидат вклучени сите засегнати страни. Во член 76-д став 10 и став 11 од Изборниот законик, уредено е дека електронските медиуми ( интернет порталите изготвуваат и до учесникот во ИК и до ДИК доставуваат фактура и Извештај за реализирани услуги кои треба да содржи примерок (принт скрин) од секој објавен банер со јасно видлив и читлив датум за интернет портал кој нуди фиксен банер, како и писмени изјави за реализирани импресии за секој ден од периодот за кој е закупен рекламниот простор на електронскиот медиум (портал) кој нуди закуп врз основа на импресии. Истакнуваме дека со приложување на примерок (принт скрин) од секој објавен банер и писмените изјави за реализирани импресии не се обезбедува доволен и веродостоен доказ за реално

потврдување на периодот на рекламирање и количината на реализирани импресии во дадениот период, имајќи ја во предвид можноста електронските медиуми (порталите) самостојно да го менуваат датумот на објава на банерите (фиксни и импресии). Исто така, прилог писмените изјави за реализирани импресии за секој ден од периодот за кој е закупен рекламниот простор на електронскиот медиум (интернет портал) не претставуваат сигурен доказ со кои би се потврдил бројот на реализирани импресии во услови кога не е уредена законска обврска за користење на софтвер кој ќе има техничка можност за собирање на метрички и статистички податоци за активност на банерите.

4.6. Во член 69-а од Изборниот законик е уредено дека за ИК се смета јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на учесникот во ИК, јавно истакнување на плакати, видео презентации на јавни места, изборно медиумско и интернет претставување, дистрибуирање на печатени материјали и јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми.

Истакнуваме дека за интернет претставувањето кое учесниците во ИК го вршат преку социјалните мрежи не е уреден начинот на организирање, плаќање, следење и известување до надлежните органи за овој вид на изборно претставување.

**Финансиско известување и транспарентност**

4.7. Врз основа на член 84-б став (4) и член 85 став (2) од Изборниот законик[7] министерот за финансии донесе Правилник за образецот за примени донации на трансакциска сметка за изборна кампања и образецот за вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања. Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник[8] престана да важи Правилникот за образецот за извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборна кампања и извештај за примени донации на трансакциска сметка за финансирање на изборна кампања објавени во Службен весник на Република Северна Македонија бр.80/20 и 218/21.

Со Законот за изменување и дополнување на изборниот законик[9] по членот 30 додаден е нов член 30-а согласно кои ДИК формира Центар за

[7] „Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24

[8] Службен весник на Република Северна Македонија бр.84/2024 од 12.04.2024

[9] Службен весник на Република Северна Македонија бр.58/2024

континуирана едукација за избори како посебна организациска единица во службата. Овој Центар треба да обезбедува континуирана обука за изборната администрација, гласачите, учесниците во изборниот процес, овластените претставници на подносителите на листи, медиумите, набљудувачите на изборите и сите заинтересирани кои на каков било начин имаат учество во изборите.

Истакнуваме дека обрасците кои учесниците во изборната кампања треба да ги изготват и достават до надлежните органи ДЗР, ДИК, ДКСК се донесени неколку дена пред почетокот на изборната кампања[10], и поради краткиот временски период за исполнување на обврската за формирање на Центарот за континуирана едукација за избори во рамки на ДИК, не е обезбедена едукација на учесниците во изборната кампања за начинот на подготовка на Вкупниот финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања, што доведе до различен начин на известување за остварените приходи и расходи помеѓу учесниците.

**Казни и прекршочни одредби**

4.8. Во член 189-а од Изборниот законик предвидена е глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот или печатениот медиум и глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност на одговорниот уредник, кој нема да поднесе извештај за рекламниот простор искористен од секој учесник во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа, најдоцна 15 дена по денот на завршувањето на изборната кампања предвидено во член 85-а од Изборниот законик. Од причина што прекршочни казни се предвидени само за радиодифузери и печатени медиуми, а не и електронските медиуми (електронските портали) кои исто така имаат обврска за доставување на наведениот извештај, ревизијата е на мислење дека е потребно доуредување на Изборниот законик со што и електронските медиуми (електронските портали) ќе бидат опфатни во делот на Казни и прекршочни одредби.

4.9. Во член 190 од Изборниот законик е предвидена глоба од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за Главниот државен ревизор, доколку постапи спротивно на член 74-а став 1 и 2.

Истакнуваме дека во член 74-а се уредува надлежноста и постапување на ДКСК во случај на поднесен приговор за непочитување на одредбите за финансирање на изборната кампања, а не надлежноста и постапувањето на ДЗР, поради што сметаме дека спомената глоба треба да се однесува за ДКСК.

[10] Изборната кампања започна на 18.04.2024 односно 20 дена пред закажаниот ден за избор на пратеници во Собранието

**Други прашања**

4.10. Основниот текст на Изборниот законик е донесен во 2006 година[11]. Истиот низ годините има претрпено повеќе од 30 измени и дополнувања, а во некои изборни години истиот е менуван три и повеќе пати. Последен пат беше изменет во март и април 2024 година[12], по распишувањето на изборите.

Честите измени укажуваат на потреба од изготвување на пречистен текст и номотехничко уредување на Изборниот законик поради тоа што одредени точки на одредени членови немаат следственост и во исто време во самите одредби на одредени членови има погрешно повикување.

4.11. Сметаме за потребно да истакнеме дека во месец декември 2023 година од страна на Собранието на Република Северна Македонија донесен е Закон за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани[13] со кои се уредуваат корисниците, висината, начинот за обезбедување и исплатата на финансиската поддршка на социјално ранливите категории на граѓани утврдени во членот 2 и тоа:

- корисници на посебен додаток,
- корисници на правото на надоместок заради попреченост,
- самохрани родители, кои се евидентирани корисници на гарантирана минимална помош,
- корисници на право на пензија во висина до 19.000 денари,
- ученици од основното, односно средното образование, чии семејства имаат вкупни месечни приходи од нето-плата до 50.000 денари и
- студенти кои живеат надвор од местото на студирање.

Во членот 4 од Законот е утврдена висината и периодот за кои ќе се врши исплата на финансиската поддршка и тоа за:

- корисниците на посебен додаток, на правото на надоместок заради попреченост, на самохрани родители, кои се евидентирани корисници на гарантирана минимална помош и на корисници на право на пензија во висина до 19.000 денари предвидена е месечна исплата на надоместок за период од пет месеци, започнувајќи од месец декември 2023 година.
- ученици од основното, односно средното образование, чии семејства имаат вкупни месечни приходи од нето-плата до 50.000 денари месечен надомест за период од шест месеци, започнувајќи од месец декември 2023 година.

---

[11] Службен весник на Република Македонија бр.40/06
[12] Службен весник на Република Северна Македонија бр.58/2024 и 74/2024
[13] Службен весник на Република Северна Македонија бр.296/2023

- студенти кои живеат надвор од местото на студирање месечно, за период од седум месеци започнувајќи од месец декември 2023 година.

Не оспорувајќи ја социјалната димензија на овој закон за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани, за справување ценовната криза, истакнуваме дека неговото донесување во период пред распишување на избори и важност која го покрива времето на почеток и завршување на изборна кампања, создава ризик за начинот на користење на јавните средства во изборниот процес.

## 5. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансискиот извештај заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 16.12.2024 до 20.12.2024 година, кај Коалиција ВЛЕН предводена од АЛТЕРНАТИВА (Движење Беса, Алијанса на Албанците, Демократско Движење) Изборна кампања – Парламентарни избори 2024, од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Катерина Чалоска Алексовска-помошник на главниот државен ревизор (со овластување) и овластен државен ревизор;
- м-р Маја Ставреска – самостоен ревизор;
- Емилија Живковиќ – самостоен ревизор;
- м-р Ваљон Кучи – виш ревизор.

## 6. Опфат и ограничувања

Нема ограничување во опфатот на ревизијата.

## 7. Одговорност за финансиски извештаи

Финансискиот извештај е одговорност на раководството на субјектот на Коалиција ВЛЕН предводена од АЛТЕРНАТИВА (Движење Беса, Алијанса на Албанците, Демократско Движење) Изборна кампања – Парламентарни избори 2024, застапувано од:

- Башким Хасани, овластено лице

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешната контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки,

избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 8. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај земен како целина е ослободен од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансискиот извештај е изготвен, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансискиот извештај и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансискиот извештај е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансискиот извештај се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овој финансиски извештај.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Коалиција ВЛЕН предводена од АЛТЕРНАТИВА (Движење Беса, Алијанса на Албанците, Демократско Движење) Изборна кампања – Парламентарни избори 2024, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени

утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

## 9. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот на Коалиција ВЛЕН предводена од АЛТЕРНАТИВА (Движење Беса, Алијанса на Албанците, Демократско Движење) Изборна кампања – Парламентарни избори 2024 одржан на ден 15.01.2025, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на законскиот застапник на Коалиција ВЛЕН предводена од АЛТЕРНАТИВА (Движење Беса, Алијанса на Албанците, Демократско Движење) Изборна кампања – Парламентарни избори 2024 не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Коалиција ВЛЕН предводена од АЛТЕРНАТИВА (Движење Беса, Алијанса на Албанците, Демократско Движење) Изборна кампања – Парламентарни избори 2024**

**број на трансакциска сметка за изборна кампања 270077540350125**

**ВКУПЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 01.04.2024 - 17.07.2024 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приходи од донации во пари | 3.1.1. | 1.275 |
| Донации пренесени од основната трансакциска сметка на политичката партија на транскацисканата сметка за изборната кампања | 3.1.2. | 300 |
| Други приходи пренесени од основната трансакциска сметка на политичката партија на трансакциската сметка за изборна кампања | 3.1.3. | 2.492 |
| Парични средства обезбедени за објавување на платено политичко рекламирање | 3.1.4. | 45.464 |
| **Вкупни приходи на трансакциската сметка за изборна кампања** | | **4.067** |
| **Вкупни приходи за изборна кампања** | | **49.531** |
| **Расходи** | | |
| Платени расходи | 3.2.1. | 4.065 |
| Пренесени парични средства на основната трансакциска сметка на политичката парија од трансакциската сметка за изборна кампања | 3.2.2. | 2 |
| Пресметани расходи по основ на преземени, а неплатени обврски | 3.2.3. | 655 |
| **Вкупни расходи на трансакциската сметка за изборна кампања** | | **4.722** |
| **Вкупни расходи за изборна кампања** | | **50.186** |

## 1. ВОВЕД

Врз основ на Решение од Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија бр.09 – 1169/1 од 14 февруари 2024 година беа распишани избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија согласно кое истите е предвидено да се одржат на 08 мај 2024 година.

Согласно Пречистен текст на Роковник за извршување на изборните дејствија за спроведување на Избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија 2024 година[1], Јавниот увид во Избирачкиот список започнува на 28 февруари и завршува на 18 март, 24:00 часот. Листите на кандидат/и потребно е да се достават до 02 април до 24:00 часот (член 66 став(1)). Изборната кампања започнува во 00:00 часот на 18 април 2024 година и трае до 24:00 часот на 06 мај, а изборниот ден ќе биде на 08 мај.

Според одредбите од членовите 31 точка 2 став 2 и членовите 12, 15, 57, 58, 60, 61, 64, 65, 66 и член 67 од Изборниот законик, а согласно Роковникот на ДИК за извршување на изборните дејствија за спроведување на Парламентарни избори 2024, број 09 – 439/1 од 14 февруари 2024 година, од страна на ДИК беа потврдени (17) седумнаесет листи на кандидати за Избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.
ДИК на 12 април 2024 година[2] со ждрепка го утврди редоследот на листите на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија:

1. КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА предводена од СДСМ;
2. КОАЛИЦИЈА „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" предводена од ВМРО - ДПМНЕ;
3. Коалиција ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА предводена од Граѓанска опција за Македонија - ГРОМ;
4. Коалиција „ЕВРОПСКИ ФРОНТ" :
5. Политичка партија ЛЕВИЦА;
6. КОАЛИЦИЈА ВЛЕН;
7. Движење ЗНАМ – За Наша Македонија;
8. ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА;
9. Политичка партија НОВА АЛТЕРНАТИВА Скопје;
10. Политичка партија АВАЈА;
11. ЕВРОПСКО ГРАЃАНСКО ДВИЖЕЊЕ;
12. Македонска Ера Трета/Македонски независни листи;
13. ТВОЈА ПАРТИЈА;
14. РОДИНА МАКЕДОНИЈА;
15. Политичка партија ДЕСНА;
16. Политичка партија ДЕМОКРАТИ Скопје;
17. РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА.

---

[1] број 10-439/3 од 08.04.2024 година;
[2] член 31 став 2 точка 5 и член 68 од Изборниот законик;

Согласно член 69 став 2, ДИК утврдената единствена листа на кандидати ја објави на својата веб страна[3] во рокот согласно Роковникот за извршување на изборните дејствија за спроведување на Парламентарните избори 2024 година.

Изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија се одржаа на 08 мај 2024 година.

На ден 18.05.2024 година, Државната изборна комисија донесе Заклучок за објавување на конечни резултати и распределба на мандати по изборни единици од спроведените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија одржани на ден 08.05.2024 година[4].

На ден 27.05.2024 година, Државната изборна комисија донесе Заклучок за објавување на конечни резултати и распределба на мандати по изборни единици за избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за Изборна единица број 5 од спроведените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија одржани на ден 08.05.2024 година, по конечно завршување на постапките по поднесени приговори[5].

На ден 30.05.2024 година, Државната изборна комисија донесе Заклучок за објавување на конечни резултати и распределба на мандати по изборни единици за избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за Изборна единица број 6 од спроведените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија одржани на ден 08.05.2024 година и на ден 22.05.2024, по конечно завршување на постапките по поднесени приговори[6].

Според конечните резултати од гласањето, Коалиција ВЛЕН предводена од АЛТЕРНАТИВА (Движење Беса, Алијанса на Албанците, Демократско Движење) Изборна кампања – Парламентарни избори 2024 има освоено 14 мандати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

Во Централниот Регистар на Рерпублика Северна Македонија на ден 01.04.2024 година, по Решение со деловоден број 30120240008857 извршен е упис на деловен субјект со назив "Коалиција ВЛЕН предводена од АЛТЕРНАТИВА (Движење Беса, Алијанса на Албанците, Демократско Движење) Изборна кампања – Парламентарни избори 2024".

На ден 02.04.2024 година отворена е денарска трансакциска сметка со број 270077540350125 во Халк Банка АД Скопје, ЕМБС 7754035 и ЕДБ 4082024537030. Овластени лица за претставување на учесникот во изборната кампања пред

[3] бр.10-1390/1 од 15.04.2024 година
[4] бр.08-2677/1 од 18.05.2024 година
[5] бр.08-2677/2 од 27.05.2024 година
[6] бр.08-3081/1 од 30.05.2024 година

надлежните изборни органи и за располагање со средствата на трансакциската сметка за Парламентарни избори 2024 година е:

- Башким Хасани, овластено лице

Учесникот во изборната кампања Коалиција ВЛЕН предводена од АЛТЕРНАТИВА (Движење Беса, Алијанса на Албанците, Демократско Движење) Изборна кампања – Парламентарни избори 2024 ги има доставено следниве извештаи до Државен завод за ревизија, и тоа:

- Извештај за примени донации на трансакциска сметка за финансирање на изборна кампања кој се поднесува на (11) единаесеттиот ден од изборната кампања до завршувањето на изборната кампања во првиот круг на гласање, согласно член 84-б став 1 од Изборниот законик за период од 01.04.2024 до 27.04.2024, доставен на ден 29.04.2024 до ДЗР;
- Извештај за примени донации на трансакциска сметка за финансирање на изборна кампања кој се поднесува во рок од еден ден по завршување на изборната кампања во првиот круг на гласање, согласно член 84-б став 1 од Изборниот законик за период од 24.04.2024 до 06.05.2024, доставен на ден 09.05.2024 до ДЗР;
- Извештај за примени донации на трансакциска сметка за финансирање на изборна кампања кој се поднесува еден ден по затворање на трансакциската сметка за изборна кампања и се одесува на периодот од еден ден по завршувањето на кампањата до затворањето на трансакциската сметка за изборна кампања, доколку изборите се одржат во 1 (еден) круг, согласно член 84-б став 3 од Изборниот законик, за период од 07.05.2024 до 17.07.2024, доставен на ден 23.07.2024 до ДЗР;
- Вкупен финансиски извештај со спцификација за трошоците за приходите и расходите во изборна кампања, согласно член 85 став 1 од Изборниот законик, од денот на отворање до денот на затворање на трансакциската сметка за изборна кампања за период од 01.04.2024 година до 17.07.2024 година, доставен на ден 12.08.2024 година до ДЗР.

На ден 22.07.2024 година затворена е денарска трансакциска сметка со број 270077540350125 во Халк Банка АД Скопје, ЕМБС 7754035 и ЕДБ 4082024537030.

На ден 13.08.2024 година во Централен регистар на Република Северна Македонија е извршено бришење на правниот субјект "Коалиција ВЛЕН предводена од АЛТЕРНАТИВА (Движење Беса, Алијанса на Албанците, Демократско Движење) Изборна кампања – Парламентарни избори 2024 ", со ЕМБС 7754035 и ЕДБ 4082024537030, со Решение дел.бр.30120240011303.

## 2. ОСНОВНИ ПОЛИТИКИ

**Отворање и затворање на сметката**

2.1. Заради прибирање на средства за финансирање на изборната кампања, политичката партија, коалиција, носителот на независна листа од група избирачи односно лицата кои имаат намера да се кандидираат, пред надлежниот орган задолжително обезбедуваат ЕДБ со назнака “за изборна кампања“ и кај носител на платен промет во Република Северна Македонија отвораат трансакциска сметка со назнака “за изборна кампања“ и истите не може да се користат за друга намена.

2.2. Политичката партија, коалиција, носителот на независна листа од група избирачи, односно лица кои имаат намера да се кандидираат да обезбедат ЕДБ и да ја отворат трансакциската сметка најдоцна 48 часа по потврдувањето на листата за кандидати, а најрано 48 часа по распишувањето на изборите и во тој рок од 48 часа доказот за обезбеден ЕДБ и отворената трансакциска сметка се доставува до Државната изборна комисија.

2.3. На трансакциската сметка ќе се депонираат сите средства добиени од правни или физички лица за финансирање на изборната кампања.

2.4. Донациите во пари и паричните средства за финансирање на изборната кампања се уплатуваат на трансакциската сметка најдоцна до денот на затворање на истата. На трансакциската сметка можат да се пренесуваат и парични средства од основната трансакциска сметка на политичката партија, како и од трансакциска сметка за парични средства обезбедени преку кредит за изборна кампања. Политичката партија може да врши пренос од транскацискaта сметка за изборна кампања на основната трансакциска сметка на политичката партија.

2.5. Сите средства наменети за финансирање на изборната кампања се уплатуваат на трансакциската сметка и сите трошоци за кампањата исклучиво ќе се покријат од средствата на таа сметка.

2.6. Трансакциската сметка се затвара во рок од 45 дена од денот на објавување на конечните изборни резултати од одржаните избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

2.7. Изборната кампања може да се финансира од:
- средства од редовната сметка на политичката партија,
- членарина на политичката партија,
- донации на политичка партија,
- физички лица во висина од 3.000 евра во денарска противвредност,
- правни лица во висина од 30.000 евра во денарска противвредност и

- кредити на политичката партија наменети за изборна кампања.

Исто правно лице или исто физичко лице доколку донира средства на трансакциската сметка на политичка партија и на трансакциска сметка за изборна кампања на учесникот во изборна кампања, износот на средствата кумулативно на трансакциската сметка за изборна кампања не смее да биде поголем од 3.000 евра во денарска противвредност за физичко лице или 30.000 евра во денарска противвредност за правно лице.

2.8. Изборната кампања не смее да се финансира од:
- средства од буџетите на општините и градот Скопје, освен ако со Изборниот законик не е поинаку определено,
- средства од јавни претпријатија и јавни установи,
- средства од здружение на граѓани, верски заедници, религиозни групи и фондации,
- средства од странски влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица,
- средства од претпријатија со мешовит капитал каде што е доминантен странскиот капитал и
- средства од неидентификувани извори.

2.9. Ако висината на донацијата е поголема од дозволената, учесникот во изборната кампања е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на донацијата, разликата меѓу дозволената и донираната вредност да ја префрли во Буџетот на Република Северна Македонија.

2.10. Ако не може да се утврди потеклото на донацијата, учесникот во изборната кампања е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на донацијата донираната вредност да ја префрли во Буџетот на Република Северна Македонија.

2.11. Како донација се смета и:
- давањето бесплатни услуги на учесникот во изборната кампања;
- давањето услуги на учесникот во изборната кампања за кои плаќа трето лице и
- продажба на стоки или давање на услуги на учесникот во изборната кампања по цени пониски од пазарните.

2.12. Учесникот во изборната кампања за време на изборната кампања води регистар на донации со следниве податоци:
- името, односно називот на секој донатор поединечно,
- видот и вредноста на донацијата и
- датумот на добивање на донацијата.

**Расходи за финансирање на избори**

2.13. За исполнување на законските обврски на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на платено политичко рекламирање, финансиски средства се обезбедуваат од средствата на Буџетот на Република Северна Македонија. Овие средства се наменети исклучиво за финансирање на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес.

2.14. При финансирањето на изборната кампања, учесникот во изборната кампања може да потроши најмногу до 110 денари по запишан избирач во изборната единица, односно општината за која има поднесено листа на кандидати, односно листа на кандидат.

**Финансиски извештај**

2.15. Учесникот во изборната кампања, кога изборите се одржуваат во еден круг, е должен на 11-от ден од изборната кампања, како и во рок од еден ден по завршувањето на кампањата да поднесе извештај со образец за примени донации на трансакциската сметка за изборна кампања.

2.16. Учесникот во изборната кампања е должен во рок од еден ден по завршување на изборната кампања во првиот круг на гласање да достави Извештај со образец за примени донации на трансакциска сметка за финансирање на изборна кампања.

2.17. Учесникот во изборната кампања е должен еден ден по затворање на трансакциската сметка за изборна кампања да достави Извештај со образец за примени донации на трансакциската сметка за изборна кампања за периодот од еден ден по завршувањето на кампањата до затворањето на трансакциската сметка за изборна кампања, доколку изборите се одржат во еден круг.

2.18. Извештаите содржат податоци за име односно назив на донаторот, вид и вредност на донации и датум на добивање на донациите.

2.19. Извештаите се поднесуваат до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата, кои се должни да ги објават на своите веб страници.

2.20. Учесникот во изборната кампања е должен веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на затворање на трансакциска сметка да поднесе Вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања.

2.21. Вкупниот финансиски извештај за изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија се поднесува до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата.

2.22. Вкупниот финансиски извештај, Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата јавно ги објавуваат на своите веб страни.

## 3. ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### 3.1. Приходи

### 3.1.1. Приходи од донации во пари

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 1.275 илјади денари и се однесува на приходи од донации од физички лица и правни лица уплатени на сметката за изборна кампања.
Износот искажан на оваа позиција е содржан во Образецот за примени донации на трансакциска сметка за изборна кампања.

### 3.1.2. Донации пренесени од основната трансакциска сметка на политичката партија на транскациската сметка за изборната кампања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 300 илјади денари и се однесува на приходи од донации од физички лица уплатени на основната сметка на политичката партија кои се пренесени на трансакциската сметка за изборна кампања согласно Одлука на политичката партија.
Износот искажан на оваа позиција е содржан во Образецот за примени донации на трансакциска сметка за изборна кампања

### 3.1.3. Други приходи пренесени од основната трансакциска сметка на политичката партија на трансакциската сметка за изборна кампања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 2.492 илјади денари по основ на пренос на средства од основната трансакциска сметка на политичката партија на трансакциската сметка за изборна кампања. Донесени се: Одлука бр.03-24-01/24 од 18.04.2024 година, Одлука бр.03-31/24 од 24.06.2024 година и Одлука бр.03-27-01/24 од 16.05.2024, за пренос на средствата кои се приход од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

### 3.1.4. Парични средства обезбедени за објавување на платено политичко рекламирање

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 45.464 илјади денари и се однесува на средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за објавување на ППР.
Имено, согласно член 76-д од Изборниот законик, за исполнување на законските обврски на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на ППР, финансиски средства се обезбедуваат од средствата на Буџетот на Република Северна Македонија.
Овие средства се наменети исклучиво за финансирање на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на ППР на учесниците во изборниот процес.
ДИК ги исплаќа трошоците за објавеното ППР врз основа на доставена фактура од страна на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали), со прилог на Договорот, медиа план од учесникот во изборната кампања и Извештај за реализирани услуги изготвен од радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали).

## 3.2. Расходи

### 3.2.1. Платени расходи

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 4.065 илјади денари и ги опфаќа трошоците кои предизвикуваат одлив на парични средства од трансакциската сметка, а се однесуваат на:

- **Превозни - транспортни услуги** во висина од 115 илјади денари за извршен превоз за предизборните собири за време на изборната кампања;
- **Издатоци за реклама и пропаганда** во висина од 3.311 илјади денари за изработка на политички изборен спот, закуп на рекламни паноа и билборди, набавка на рекламен и пропаганден материјал, за потребите на изборната кампања;
- **Расходи за одржување на предизборни собири** во износ од 600 илјади денари.
- **Изнајмување на простор за време на изборна кампања** во вкупен износ од 35 илјади денари за закуп на деловен простор за време на изборната кампања врз основа на склучени договори, платен персонален данок;
- **Провизија за платен промет и надоместоци за банкарски услуги** во висина од 4 илјади денари, за банкарска провизија.

### 3.2.2. Пренесени парични средства на основната трансакциска сметка на политичката партија од трансакциската сметка за изборна кампања

Оваа позиција е проценета во износ од 2 илјади денари и се однесува на поврат на неискористени средства кои учесникот во изборната кампања ги има вратено на основната трансакциска сметка на политичката партија.

### 3.2.3. Пресметани расходи по основ на преземени, а неплатени обврски

Оваа позиција е проценета во износ од 655 илјади денари и се однесува на преземени обврски за изработка на рекламен материјал поврат на неискористени средства кои учесникот во изборната кампања ги има вратено на основната трансакциска сметка на политичката партија.